Архивски број: 08-220/7
27-06-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-220/1 од 13.03.2023 година поднесена од [redacted] од Пехчево, против Средното Општинско Училиште "Методи Митевски Брицо" во Делчево, застапувано од [redacted], за извршена дискриминација врз основа на возраст и политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1), а во врска со член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), на 26.06.2023 година го донесе следново

# М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА како потежок облик на дискриминација,** врз основа на возраст, лично својство и општествен и образовен статус во областа на работата и работните односи сторено од страна на Средното Општинско Училиште "Методи Митевски Брицо" во Делчево, застапувано од [redacted] сторено врз лицето [redacted] од Пехчево.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-220/1 на 13.03.2023 година, од страна на [redacted] од Пехчево за сторена дискриминација врз основа на возраст и политичка припадност кон лицето [redacted] од Пехчево, вработена во училиштето.

I. Во претставката подносителката наведува дека е вработена во СОУ "Методи Митевски Брицо" како професор по психологија со Договор за работа неопределено време заведен под број 04-143 од 01.09.1994 година. Работното место на кое подносителката работела, почнувајќи од 2007 година – психолог, [redacted] на училиштето го укинува од учебната 2022/2023 година, па со Решение 02-650/1 од 07.09.2022 година предвидено е да биде распределена со 20 наставни часа неделно на работно место-библиотекар. Ова работно место, согласно наводите на подносителката, е многу поразлично од она што е наведено во нејзиниот договор за работа. Воедно, наведува дека иако е во работен процес веќе 30 години, работен стаж има 17 години од повеќе причини кои ги изнесува во претставката, и тоа: сегашната в.д директорка која во училишето претходно работела како педагог не дозволува подносителката да го надополни работното време со други активности како часови за реализирање на

проектни активности, можност да биде класен раководител или да реализира часови од друга област и слично.
Како причина поради која ја поднесува предметната претставка го наведува фактот дека не и е одобрено користење на неплатено отсуство од работа, кое согласно закон наоѓа дека и следува и го користат голем број на работници во целата општина.

Кон претставката подносителката во фотокопие приложи докази заради поткрепување на наводите во истата, и тоа: Барање од [redacted] од Пехчево до СОУ “Методи Митевски Брицо” Делчево, заведено под број 05-109 од 08.02.2023 година, за одобрување на неплатено отсуство од работа во период од 27.02.2023 до 17.03.2023 година поради лични и неодложни работи; Решение заведено под број 08-109/2 од 08.02 2023 година на СОУ”Методи Митевски Брицо” Делчево, за неодобрување на користење на отсуство од работа без надомест на плата на лицето [redacted] од Пехчево; Приговор заведен под број 03-56 од 13.02.2023 година од Славица [redacted] до Училишен Одбор на СОУ Методи Митевски Брицо; Одлука за одбивање на Приговор број 02-164/9 од 01.03.2023 година од Училишен Одбор на СОУ “Методи Митевски Брицо”; Претставка од [redacted] од Пехчево до Државен просветен инспекторат и до Државен инспекторат за труд и Известување з апостапување од Државен просветен инспекторат.

II. Согласно своите законски надлежности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) заради постапување по поднесената претставка со Барање за произнесување под број 08-220/2 од 14.03.2023 година, се обрати до СОУ “Методи Митевски Брицо”, од каде доставено е Произнесување по наводи во претставка 03-228/2 од 27.03.2023 година, а примено во Комисијата на 29.03.2023 година, заведено со архивски број 08-220/3.
Во произнесувањето се наведува дека начелата за еднаквост и недискриминација се основни елемнти на меѓународната законска рамка во однос на човековите права а средното училиште истите ги почитува. Со оглед дека во поднесената претставка подносителката наведува дека е дискриминирана по основ на политичка припадност се наведува дека работодавачот нема сознанија каква политичка припадност има лицето [redacted] од Делчево. Наводите дека работното место психолог од оваа учебна година се укинува од страна на директорката, се неточни. Работното место психолог не постои. За тоа работно место ниту има согласност ниту претходно некој работел како психолог ниту имало оглас за вработување на споменатото работно место. Подносителката на претставката [redacted] е вработена како во училиштето како наставник по психологија со неполно работно време, која со инетерн акт-Одлука времено е прераспоредена на работно место психолог чија важност истекува на 31.08.2022 година. Со оглед дека предметот психологија кој се изучува во четврта година гимназиско образование како изборен предмет, бројот на часови секоја година се менува. Со оглед дека за учебната 2022/2023 година ниту еден ученик не го избрал овој предмет, наставникот по психологија нема повеќе часови за спомenатата учебна година. Понатаму, потребата за наставник по психологија престанува поради промена во обемот на работа на училиштето, но со оглед дека согласно член 76 од

Колективниот договор за средно образование именуваната не може да биде прогласена за технолошки вишок со оглед дека е 2 (две) години пред исполнување на условот за остварување на право на старосна пензија. Исто така, земено предвид дека за работното место психолог нема согласност од страна на финансиерот – Министерство за образование и наука и Министерство за финансии, Славица Рунтевска не може да работи како стручен соработник – Психолог. Во однос на наводите во претставката дека подносителката работи 30 години, а има 17 години работен стаж, се наведува дека тоа е така затоа што именуваната е вработена со неполно работно време. Се појаснува и дека Одлука за класно раководство донесува директорот и дека за класни раководители се назначуваат наставници кои имаат полн фонд на часови како би биле достапни за учениците.
Понатаму, во однос на користењето на отсуство од работа без надомест на плата, одлука носи директорот. Директорот смета дека во периодот на кој се однесува Барањето не може да дозволи неплатено отсуство на работникот бидејќи е на работно место каде работи со ученици,а учебната година сеуште била во тек. Замена за работникот за тој период не може да се обезбеди земено предвид Известувањето број 08-180/1 од 30.01.2023 година од Градоначалникот на делчево, г-дин Горан Трајковски со кое се известува дека во текот на учебната година нема да дава согласност за вработување ( замена ) за итни и неодложн и работи поради користење на отсуство од работа без надомест на плата.

III. На 17.05.2023 година Комисијата со се обрати до СОУ "Методи митевски Брицо" по електорнски пат со Барање за дополнителни докази и информации кои се однесуваа на потребата од доставување на актот за систематизација на на работните места во СОУ "Методи Митевски Брицо", како и сите негови измнеи и дополнувања, доколку такви се направени. Воедно беше побарано да се достави податок за тоа дали и на колку од вработените лица во училиштето им е одобрено користење на неплатено отсуство во текот на учебната 2022/2023 година. На истиот ден СОУ "Методи Митевски Брицо" по елетронски пат достави Одговор со прилог барани Докази, заведено под број 08-220/5, и тоа: Правилник за систематизација на работните места во СОУ "Методи митевски Брицо"-Делчево, број 01-881 од 15.12.2015 година; Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во СОУ "Методи Митевски Брицо"-Делчево, број 01-728/1 од 25.10.2016 година; Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во СОУ "Методи Митевски Брицо"-Делчево, број 03-111/1 од 15.02.2018 година; Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во СОУ "Методи Митевски Брицо"-Делчево, број 01-478/1 од 02.11.2020 година; Согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во СОУ "Методи Митевски Брицо"-Делчево, број 01-478/1/1 од 02.11.2020 година дадена од Министерство за информатичко општество и администрација заведена под број 12/6-759/6 од 06.11.2020 година; Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во СОУ "Методи Митевски Брицо"-Делчево, број 01-387/1 од 27.07.2021 година; Одлука 03-281/2 од 27.04.2023 година за неодобрување на

осуство од работа без мадомест на плата, донесена од СОУ "Методи Митевски Брицо"- Делчево и Известување број 08-180/1 од 30.01.2023 година на Градоначалник на Општина Делчево, Горан Трајковски.

Од увидот во бараните докази констатирано беше дека со Правилник за систематизација на работните места во СОУ "Методи митевски Брицо"-Делчево, број 01-881 од 15.12.2015 година, во член 12 став (1) точка 2 утврдена е категорија И на работни места, со звање-стручни соработници, и тоа: Ниво И1 стручен соработник-советник, Ниво И2 стручен соработник-ментор, Ниво И3 стручен соработник и Ниво И4 стручен соработник-приправник. Во сите последователни измени и дополнување на овој Правилник заклучно со последната од 2021 година, констатирано е дека членот 12 во ниту еден наврат не е изменет или дополнет. Понатаму утврдено е дека донесено е Известување од страна на градоначалник на Општина Делчево во кое е наведено дека: Поради зачестена појава на одобрување на користење на отсуство од работа без надомест на плата (нелатено отсуство) од страна на директорите, а по барање на вработени во образовните институции во Општина Делчево, градоначалникот ги известува директорите на две основни и едно средно општинско училиште на територија на Општина Делчево, дека во иднина во текот на учебната година НЕМА ДА ДАВА СОГЛАСНОСТ за вработување за итни и неодложни работи поради користење на отсуство од работа без надомест на плата и придонеси. Следствено од увидот во Одлуката на СОУ "Методи Митевски Брицо" од 27.04.2023 година се констатира дека не се одобрува отсуство од работа без надомест на плата на лице вработено во средното општинско училиште на работно место хигиеничар.

IV. Заради соодветно утврдување на фактичката состојба, Комисијата дополнително побара од подносителката на претставката да приложи доказ-решение за периодот во кој била распоредена на работно место психолог во СОУ"Методи Митевски Брицо"- Делчево, па на 06.06.2023 година по електронски пат до Комисијата доставени се следните докази: Одлука за прераспоредување на [redacted] вработена во СОУ "Методи Митевски Брицо"- Делчево како професор по Психологија, број 0204-140 од 23.11.20215 година, со која именуваната се распоредува и на работни задачи психолог во училиштето, со половина работно време ( 10 наставни часа ); Договор за работа од 01.09.1994 година и Известување на државен инспекторат за труд ИП бр. 09-357 од 14.10.2022 година, по претставка поднесена од [redacted]

Воедно Комисијата изврши увид на web страната на СОУ "Методи Митевски Брицо"-Делчево во делот "Вработени-Стручни соработници", каде евидира дека се распоредени 3 (три) лица на следните работни места: педагог, социолог и библиотекар.

V. Во Уставот на Република Северна Македонија, со член 8 се утврдени темелните вредности на уставниот поредок на републиката, и тоа во став (1) алинеја 1 наведени се *основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот*, а со алинеја 2 од истиот член наведено е *владеењето на правото*. Согласно член 9 од Уставот, *граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и*

*верското уверување, имотната и општествената положба.* Воедно согласно истиот член, *граѓаните пред уставот и законите се еднакви.* Понатаму, со член 32 став (1) од Уставот на Република Северна Македонија се утврдува дека *секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за времена привремена невработеност*, а во став (5) од овој член е уредено дека *остварувањето на правата на вработените и нивната положба се утврдуваат со закон и со колективни договори.* Уште повеќе, со член 51 од Уставот е утврдено дека *во републиката законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со уставот и со закон. Секој е должен да го почитува Уставот и законите.*

Правата и обврските кои произлегуваат од работните односи се најнапред уредени со Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија", број 62/05, 106/08, 161/08, . 114/09, 130/09), 50/10, 52/10, 124/10, 47/11), 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 149/09, 27/16, 120/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија", број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), како генерален закон. Во овој закон на јасен и недвосмислен начин, во член 147 став (1) законодавецот уредил дека *работникот може да отсуствува од работа без надомест на плата и придонеси од плата во случаите и под условите утврдени со колективен договор, но најдолго три месеца во текот на календарската година*, а став (2) уредува дека *за време на неплатеното отсуство на работникот му мируваат правата и обврските од работниот однос.* **Со член 179, пак од овој закон е утврдено дека *работниците повозрасни од 57 години жени и 59 години мажи, уживаат посебна заштита, согласно со овој и друг закон.***

Понатаму, со Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија", број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 67/17, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија", број 229/20) се уредува *организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието.* Во член 3 став (3) од овој закон е уредено дека *не се дозволени дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба.* Во член 59-а законот уредува дека *во средното училиште работните места на вработените се: 1) работни места на административни службеници, 2) работни места на даватели на јавни услуги во средното образование и 3) работни места на помошно-технички лица.* Согласно член 59-б став (1) од овој закон, *вработените во средните училишта кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста средно образование имаат статус на административни службеници*, додека во став (2) алинеја 1 од истиот член се предвидува дека *за вработените од ставот (1) на овој член се утврдуваат следните нивоа на работни места: 1) категорија В – стручни, а согласно алинеја 3 категорија Г помошно – стручни.*

Со Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 161/19), со член 15 став (5) од наведениот закон се утврдува дека *наставникот има право на заштита од*

*злоупотреба и мобинг, дискриминација, физичко, сексуално и психичко насилство и вознемирување*. Во член 21 од овој закон предвиден е случајот кога *при промени во обемот на работата во јавното училиште што се јавуваат поради промени во плановите и програмите, организацијата на работа, бројот на паралелки и други промени, работниот однос на наставникот се променува од работен однос на неопределено време со полно работно време во работен однос на неопределено време пократко од полното работно време и обратно*. Согласно член 39 став (1) од законот *стручен соработник во основно и средно образование (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник, библиотекар и друго) може да биде лице кое: - има завршено најмалку четири години соодветно високо образование и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС, - е државјанин на Република Северна Македонија и - го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој се изведува наставата*, а во член 43 од законот е јасно утврдено дека *се забранува дискриминација на стручните соработници по сите основи. Се забранува телесно и психичко малтретирање на стручен соработник*. Јасна и недвосмисена е одредбата од член 51 ства (1) од овој закон согласно која *на стручниот соработник за чија работа потребата престанала поради деловни причини, не може да му престане работниот однос додека не му се обезбеди едно од правата согласно закон и колективен договор*. Уште повеќе, со член 63 од законот, со став (1) се уредува дека *на стручниот соработник, без спроведена постапка за преиспитување на стекнатото звање, му се одзема стекнатото звање ако: - со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност и - со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење над шест месеци.*

Не помалку важно е уредувањето на работничките права и со Колективниот договор за средното образование во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 24/09, 17/09, 84/09, 28/10 и 39/10). Имено согласно член 1, *со овој Колективен договор се уредуваат правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во средното образование. Колективниот договор е задолжителен, односно ги обврзува сите работодавачи од ставот (1) на овој член*. Во член 16 од договорот се уредува дека *работникот во текот на траењето на работниот однос, според потребите на процесот за работа може да биде распореден на друго работно место во дејноста кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка, квалификација, односно способност, особено во следните случаи: 1) ако работното место се укинува или е намален обемот на извршувањето или 2) ако работното место на кое се распоредува работникот е слободно, односно испразнето*, додека пак член 17 уредува дека *одлука за распоредување на работник донесува директорот, а распоредувањето се врши откако директорот и работникот ќе потпишат нов договор за работа*. **Воедно, согласно член 25 став (1) алинеја 1 од договорот, *работникот може да користи отсуство без надоместок на плата до 3 (три) месеци во календарската година поради неодложни лични работи. Одлука за отсуството носи директорот*.** Исто така, согласно **член 76 од истиот договор, *работникот кој е пет години до исполнување на условот за пензионирање, не може да се прогласи за технолошки вишок*.**

Особено важно е да се напомене дека и Концепцијата за инклузивно образование, донесена со Решение на министерот за образование и наука број 18-6577/1 од 06.07.2020 година според која инклузивното образование е процес со кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните преку обезбедување пристап, зголемување на нивното учество во учењето, во училиштето и во заедницата. Инклузивното образование подразбира дека сите деца се вклучени и се прифатени, со особено внимание на децата што може да бидат маргинализирани, дискриминирани или исклучени од образовниот систем. Водечките принципи во инклузивното образование може да се исполнат преку развој и имплементација на сеопфатниот училишен пристап што значи градење на капацитети во самото училиште за развој на инклузивна клима и обезбедување систематска поддршка на севкупниот воспитно-образовен кадар. За развој на поквалитетно образование за сите деца, а согласно законските одредби, во училиштата се формираат и работат два вида инклузивни тимови, од кои **Училишен инклузивен тим** кој го формира директорот на училиштето и е составен од седум члена, и тоа: педагог, односно психолог, односно социјален работник, двајца наставници од редот на вработените во училиштето, двајца родители/старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето. Училишниот инклузивен тим се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на цело училиште, ги осмислува и спроведува планираните активности и води грижа истите да бидат усогласени и применети во воспитно-образовната работа.

VI. Од сето погореизнесено, односно од сите приложени документи, како и од сите изнесени факти и докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Лицето [redacted] од Пехчево е вработена во СОУ "Методи Митевски Брицо"-Делчево сметано од 01.09.1994 година на работно место "професор по психологија". Од 23.09.2007 година именуваната со Одлука е прераспоредена и како ПСИХОЛОГ во средното општинско училиште, со половина работно време. Вакви одлуки се донесувани во континуитет и во 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014 2015 година. Во 2017 година склучен е Договор за вработување број 04-576/1 од 06.09.2017 година за зголемување на наставни часови од 10 на 12 како наставник по психологија-стручен соработник, а потоа повторно во 2019 година донесена е Одлука за нејзино прераспоредување да работи и како психолог. На 07.09.2022 година донесено е Решение за распоредување-задолжување на наставник број 02-650/1, со кое именуваната [redacted] е распоредена на работна позиција "Библиотекар" со неполн фонд на часови. Во контекст на наведеното, важно е да се посочи дека лицето [redacted] родена на 07.10.1962 година, спаѓа во категоријата на лица кои согласно одредбите од Закон за работни односи, уживаат посебна заштита заради возраста. Исто така утвдено е дека на [redacted], вработена во СОУ "Методи Митевски Брицо", одбиено и е Барање за отуство од работа без надомест на плата

поради лични причини. Приговорот против решението е одбиен со Одлука број 03-164/9 од 01.03.2023 година на Училишниот Одбор при СОУ"Методи Митевски Брицо".

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација најде дека врз лицето [redacted] од Печхево, е сторена продолжена директна дискриминација, како потешка форма на дискриминација и тоа врз основа на возраст во областа на работата и работните односи. Наведеното како резултат на постапување на в.д директор на СОУ "Методи Митевски Брицо" со непочитување на законските права и обврски кои произлегуваат од работните односи, а кои се утврдени пред се со Уставот на Република Северна Македонија, понатаму со Законот за работните односи, Законот за средното образовани, Законот за наставниците и стручните соработници во основното и средното образование како и со Колективниот Договор за средното образование. За Комисијата спорен е фактот дека вработената [redacted] подолг период била прераспоредувана на работно место за кое и во произнесувањето по претставката од страна на в.д директорот на СОУ "Методи Митевски Брицо" е наведено дека не постои и не е предвидено со актот за систематизација на работните места во училиштето. Дополнително на вработената не и е одобрено користење на неплатено отсуство од работа без надомест на плата заради лични причини, а врз основа на Известување доставено до основните и средно општинско училиште од страна на Градоначалникот, со кое се дерогираат законите и Колективниот договор со кои е уредено ова право.

Имено, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.* Согласно член 6 од Законот, *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други..* Со член 4 став (1) точка 12 од овој закон се дефинира дека продолжена дискриминација е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи, а во член 13 од законот е уредено дека како потежок облик на дискриминација се смета и продолжената дискриминација.

Заради сето констатирано, согласно член 21 став (1) точка 14, а во врска со член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните

ПРЕПОРАКИ

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** СОУ "Методи Митевски Брицо"-Делчево да ги отстрани последиците настанати од прераспоредувањето кои резултирале со продолжена директна дискриминација на лицето [redacted] од Пехчево, вработена во училиштето **и за тоа писмено да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење.**
2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** да се изврши соодветна измена и дополнување на актот, односно Правилникот за систематизација на работните места во СОУ "Методи Митевски Брицо"-Делчево, во согласност со Концепцијата за инклузивно образование донесена со Решение на министерот за образование и наука број 18-6577/1 од 06.07.2020 година и со истиот да се предвиди работно место психолог во рамки на стручната служба на училиштето и за тоа **писмено да ја извести Комисијата во рок од 60 дена од денот на приемот на ова мислење**.
3. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** на лицето [redacted] да и се овозможи оставарување на законски утврдените права на еднаква основа со другите, како што е правото на отсуство од работа без надомест на плата, со почитување на одредбите од Законот за работните односи и за истото **писмено да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење**.

СОУ "Методи Митевски Брицо"-Делчево, застапувано од [redacted] треба да го исполни препорачаното, а доколку не постапи согласно овие препораки, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на надлежностите од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
26.06.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик -Претседател

Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива